Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17- а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Аеродром, а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Аеродром на втората седница одржана на ден 02.12.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

## за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Управен одбор на Јавно претпријатие за комунални дејности на Општина Аеродром

**Член 1**

Општина Аеродром распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во управен одбор на Јавно претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во Управен одбор на Јавно претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Аеродром

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Аеродром

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Сузана Павловска
Павловска